# РОБЕР БАДЕНТЕР (1928 – 2024)



Фатима Салифоска

На 9 февруари 2024 година, на 95-годишна возраст почина францускиот правник и политичар Робер Бадентер (R*obert* Badinter), еден од најпознатите промотори за човекови права во светот. Тој беше професор по право на Сорбона, поранешен министер за правда

Dr. ,Institute of Spiritual and Cultural Heritage of the Albanians (ITShKSh) – Skopje, salifoska.f@gmail.com

https://orcid.org/0009-0000-6989-4362

Balkan Studies Foundation
DOI: http://doi.org/10.51331/M01
Journal of Balkan Studies, 4 (2), 2024
balkanjournal.org

This work is licensed under Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY NC)

и автор кој донесе укинување на смртната казна во Франција во 1981 година.

Робер Бадентер е роден на 30 март 1928 година во Париз, Франција. Формалното образование го започнува во својот роден град каде што завршил студии по литература и право на Универзитетот во Париз. Магистрирал на Универзитетот Колумбија во Соединетите Американски Држави во 1949 година. Докторирал компаративно право на Сорбона во 1954 година.

Богатата кариера ја започнува како адвокат во апелациониот суд во Париз (1981-1951). Во 1965 година, беше назначен за професор на Универзитетот во Сорбона. Продолжува како почесен професор до 1996 година. Бадентер воведе големи правни реформи во земјата откако Франсоа Митеран беше избран за претседател во мај 1981 година, именувајќи го за министер за правда, функција која за извршува до 18 февруари 1986 година. Еден од неговите први реформи бил законот за укинување на смртната казна за било кои злосторства од страна на Францускиот Парламент, за кој Парламентот гласал по расправата на 30 септември, 1981 година. Во периодот од 1986 до 1995 година бил претседател на Уставниот совет на Франција, а од септември 1995 година бил сенатор од департманот Сенски Висови.

Во времето на распадот на Југославија, Бадентер беше претседател на Арбитражната комисија во рамките на Мировната конференција за Југославија во 1991 година, која стана позната како Бадентерова комисија. Комисијата беше составена од пет члена од редот на претседателите на уставните судии на земјите членки на ЕУ врз основа на Декларацијата за Југославија од 27.08.1991 година, за да го дефинира престанокот на СФРЈ, да го оцени степенот на задоволување на критериумите, кои се поставени со Декларацијата, за признавање на нови држави и да му предложи на Советот на министрите кои од нив треба да бидат меѓународно признати. Во периодот 1993-1992 година комисијата усвои 15

мислења. Во мислењето број 6 од 11.01.1992 година, Комисијата ја оценува Република Македонија која што ги задоволува условите за признавање наведени во Декларацијата.

Како водач на Арбитражната комисија тој добил голем авторитет меѓу Македонците и другите етнички групи во Република Македонија заради тоа што тој препорачал дека „користењето на името Македонија не може да имплицира територијални барања на било која друга држава» како и полно признавање на државата во 1992 година. Заради тоа, тој бил вклучен во изработката на Охридскиот договор во Република Македонија.

Бадентер стана дел од секојдневниот политички живот во Република Македонија со неговиот предлог за воведување на двојното гласање во Собранието на Република Македонија. Поради тоа, мнозинството гласови од малцинските заедници се нарекува „Бадентерово мнозинство".

Роберт Бадинтер е добитник на бројни награди и признанија во Република Македонија и светот. Прогласен е за почесен доктор на правни науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1996 година. Добитник е на орденот „8 Септември" за исклучителен придонес во остварувањето на независноста, јакнењето на меѓународната положба и углед на Република Македонија, за развојот и афирмацијата на меѓунационалните односи во земјата, како и заради неговиот придонес за развивањето и зацврстувањето на пријателските односи и соработката на Република Македонија со Република Франција, кој му беше доделен од страна на претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски во 2006 година. Во 2001 година во Чешката Република го добива престижното одликување Order of Tomáš Garrigue Masaryk. Како долгогодишен активист за укинување на смртната казна, Роберт Бадентер беше назначен за почесен член на Меѓународната комисија против смртната казна. Последното одликување го добива во 2023 година, признанието International Abolition Award од страна на Death Penalty Focus.

Во текот на неговата академска и професионална кариера, Бадентер беше автор и ко-автор на различни книги и написи меѓу кои позначајни се следните: *L'exécution* (1973), за судењето на Клод Бафе и Роџер Бонтемс; C*ondorcet, 1743–1794* (1988), ко-автор со Елизабет Бадентер; *Une autre justice* (1989); *Libres et égaux : L'émancipation des Juifs (1789–1791)* (1989); *La prison républicaine, 1871–1914* (1992); *Un antisémitisme ordinaire* (1997); *L'abolition* (2000), во кое ја раскажува неговата борба за укинување на смртната казна во Франција; *Une constitution européenne* (2002); *Le rôle du juge dans la société moderne* (2003); *Contre la peine de mort* (2006); *L'Exécution (rééd. LGF, 2008)*; *Les épines et les roses* (2011), за неговите успеси и неуспеси како министер за правда; и *Idiss (2018).*

Вечна слава и благодарност на Роберт Бадинтер за неговата улога во двата најзначајни датуми за сите македонските граѓани, независноста на Република Македонија, како и Охридскиот Рамковен договор и воспоставувањето на функционална мултикултурна демократија во 2001 година.

Нека почива во мир!